**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Државен просветен инспекторат**
Број: **09- 295/3**
**13.03.2023** година
**Тетово**

# ООУ „ Мехмет Дерала “ с. Градец, општина Врапчиште

| | |
|---|---|
| Конечен извештај од извршена интегрална евалуација | |
| **Датум на интегрална евалуација:** | 18.12 .2023 до 20.12.2023 |
| **Број на извештај:** | 06/Полошки/2023 |
| **Раководител на инспекциски тим:** | Јелена Деспениќ-Кировска |
| **Вид на училиштето:** | Основно училиште |
| **Основач на училиштето:** | Општината Врапчиште |
| **Наставен јазик:** | албански јаз |
| **Број на ученици:** | 359 |
| **Полова структура на ученици:** | 188 машки и 171 женски |
| **Број на наставници:** | 42 |
| **Претседател на училишниот одбор:** | Исмаил Бајрами |
| **Директор на училиштето:** | Амире Ибрахими Хајредини |
| **Датум на претходна интегрална евалуација:** | Од 16 до 18 .05.2018 година |
| **Адреса на училиштето:** | с.Градец<br>www. mderalla@yahoo.com |
| **Телефон:** | 042/381-131 |
| **Факс:** | 042/381-131 |
| **e-mail:** | ou-gradec-mehmedderala-vrapchishte@schools.mk |
| **оценка од интегрална евалуација** | 2,48 |

Инспекцискиот надзор е извршен согласно членовите 2, 19, 25 и 26 од Законот за просветна инспекција („Службен весник на РМ“ број 52/2005; 81/2008; 148/2009; 57/2010; 51/2011; 24/2013; 137/2013; 164/2013; 41/2014; 33/2015; 145/2015; 30/2016 и 64/2018 година) и Правилникот за начинот и постапката за вршење на инспекциски надзор на просветната инспекција („Службен весник на РМ“ број 86/2006 година)

# Резиме

Согласно Годишната програма за работа на Државниот просветен инспекторат и Законот за просветна инспекција од 18.12.2023 до 20.12. 2023 година, тим од тројца државни просветни инспектори спроведоа интегрална евалуација во работата на ООУ ,,Мехмет Дерала “ с. Градец . општина Врапчиште .При вреднување на интегралната евалуација се вреднуваше квалитетот и ефикасноста на воспитно-образовниот процес во училиштето,примената на законите и прописите и општите акти од основното образование,беа посетени деведесет и пет посто од часовите на наставници кои реализираат настава и беа реализирани сите други активности превидени со интегралната евалуација. Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со различните фокус групи, од посетените наставни часови, анализата на претходно доставените прашалници и се она што можеше да се види на лице место, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ” Мехмет Дерала “ с . Градец. Општина Врапчиште е оценет со **2,47 Делумно задоволува**

Во училиштето наставниот процес се изведува според наставните планови и програми за деветгодишно основно образование, изготвени од Биро за развој на и донесени од Министерство за образование и наука. Реализацијата на наставните планови и програми обезбедуваат постигање на целите од националните стандарди и Концепцијата за основно образование. Истите се реализирани во пропишаниот обем. Соработката е интензивна при изготвување на глобалните и тематските планирања, односно при изработка на Планирањата за реализација на наставната програма, неделните планирања и сценаријата за наставните часови . За инклузираниот ученици се изработува ИОП според Концепцијата за инклузија и решенијата од МКФ. Дел од учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на манифестации и натпревари од различни области што се организираат на училишно, општинско, регионално и државно ниво, и имаат освоено награди, благодарници и сертификати за учество. За афирмирање на воннаставните активности, училиштето користи повеќе медиуми како социјални мрежи и брошури. Нема креирано интернет страна на училиштето (веб страна ). Училиштето планира и реализира ученички излети и екскурзии како една од формите на воннаставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер. За планираните излети и екскурзии училиштето изготвува програма за реализација за која добива согласност од родителите, БРО и секторот за образование во општината. Училиштето реализира активности за меѓуетничка интеграција бидејќи училиштето гравитира во чиста етничка средина вработените во училиштето се залагаат учениците да ја почитуваат сопствената и културата и традицијата на другите етнички заедници и да ја препознаваат дискриминацијата од било каков вид . Партнер училиште за реализирање на активности од меѓуетничка интеграција е со ООУ,,Петар Мусев“ Богданци . Во последните три учебни години, со партнер училиштето ООУ,,Петар Мусев“ Богданци се остварени и реализирани повеќе заедничка воннаставна активност, во која биле вклучени ученици од двете училишта . Со Петар Мусев“ Богданци, поради здравствените протоколи за заштита од вирусот Ковид-19 дел во учебната 2020/2021 се одржани онлаји активности :

На 7 март 2021 по повод Патрониот празник на училиштето . Учество на ученици од VIIте одделенија на двете училишта преку заемно запознавање( претставување на секој ученик , на својот мајчин јазик и изговарање и учење на зборови на другачето од збратименото училиште )

Со истото училиште заеднички активности со физичко присуство за учебната 2021/2022 година остварена се 6 активности на ден 27.05.2022 год во просториите на ООУ ,,Мемет Дерала“по предметотите:

Ф.З.О ,,Игри без граници“

Француски јаз- Изработка на постери од двете околини каде гравитираат двете училишта Градец-Богданци.Презентација на три јазика( француски јаз, маке. јаз. и алб. јаз)

Биологија-Моделирање на клетки

Еко Акција – Посадување на дрвја на другарството

Ликовна об –( работилница ) Јаси и ти

Англиски јаз –играта ,,Хангмен“

За учебната 2022/2023 год реализирани се 5 активности но во просториите на ООУ,,Петар Мусев“ Богданци по предметите :

Математика – Игри без граници

Англиски јаз – Квиз на три јазика ( англиски јаз, македонски и албански јаз )

Ликовно обр – цртање на тема ,,Моето другарство “

Еко Акција – практична изработка експерименти ,,Рециклирање и изработка на предмети“

Заедничка ескурзија – дружење

За учебната 2023/2024 година има планирано активности во месец мај повторно во с. Градец и општина Врапчиште .

Заедничка ескурзија на тема ,,Изворите на река Вардар “

Природни науки- тема ,,Микроскоп“-работа во групи

Ликовно обр , - Изложна на тема ,,Изворите на река Вардар “

И Вон наставна активност-природни науки ,,Наводнување на растенијата со Микробит“ .

Училиштето планира и реализира вонннаставни активности што ги одразуваат потребите и интересите на учениците кои служат за поддршка на образовниот, личниот и социјалниот развој на учениците согласно со Концептот за вонннаставни активности што го утврдува Министерството на предлог на Бирото. Учениците доброволно учествуваат во вонннаставни активности. За учество во вонннаставни активности на крајот на учебната година на ученикот му се доделува додаток на свидетелството во кое се забележува учество во вонннаставни активности. Поведението на учениците споредбено за три години е примерно. Дисциплината на учениците во училиштето е добра, во поединии случаеви училиштето презема педагошки мерки за нередовноста на учениците и непримерно однесување за време на наставата.

Од увидот направен во документацијата, главните книги и записниците од советите на паралелките, констатирано е дека во последните три учебни години, сите ученици ја завршуваат годината, нема ученик кој ја повторувал годината како и со намалено поведение . Врз основа на увидот на актуелните постигања на учениците, училиштето планира и презема конкретни активности за подобрување на постигањата на учениците.

Планирањата на наставниците во ова училиште делумно задоволуват. Училиштето нема изготвена интерна процедура за вреднување на наставните планови, наставните часови и работата на наставниот кадар. Пред почетокот на учебната година, а најдоцна до пети септември секој наставник во печатена форма ги доставуваат изготвените годишни и тематски планирања кај стручната служба. Сите наставници имаат изготвени годишни и тематски планирања и дневни подготовки за час. Поголемиот број од наставниците планирањата ги изготвуваат најчесто на стручни активи, но има и мал број на наставници кои ги изработуваат индувидуално годишните и тематските планирања. Исто така наставниците планираат, но во многу мал број применуваат диференцирани

цели и активности за работа со ученици со потешкотии во учењето и диференцирани цели и активности за работа со талентирани ученици. Најголемиот број од наставници кои се задолжени да реализираат и други видови на настава (дополнителна, додатна настава и други активности), имаат изготвено програма за истите и истата се евидентира во одделенските дневници.Планирањата на наставниците се следат од раководниот тим во училиштето При планирањето наставниците ја имаат неопходната подршка од училишниот педагог во однос на организацијата и реализацијата на наставниот час. Вд. директорот и стручниот соработник-педагог на училиштето им помага на наставниците техничка и организациона поддршка во изработката на планирањата, како и посета на семинари организирани од Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука или од УСАИД. Дел од наставниците своите планирања ги прават во електронска и печатена форма.За нововработените наставници има назначени наставници-ментори кои имааат изготвени програми за работа но не се водат досиеа за нивно следење.

Распоредот на часови го изготвуваа наставникот по информатика со максимално искористување на расположливите капацитети на училиштето. Разменувањата на искуства се темели пред се и преку работата на стручните активи.Учењето во одделенска настава е добро, поголемиот број од наставниците користат лаптопи и проектори за време на наставниот час, додека во предметната настава, наставниците планираат ИКТ но , не ја реализира согласно планираното . Наставата по наставниот предмет Физичко и здравствено образование во основното училиште се реализира на надворешни спорски терени кој се наоѓа надвор од училишниот двор или се користи училишната спортска сала која е во склоп на училишната зграда. Поголем број од наставниците користат различни инструменти и методи за оценување и се врши континуирано оценување Родителите редовно се известуваат за напредокот на учениците Училиштето има утврден систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца. Родителите се информирани усно, преку проектот информиран родител, евидентни листови и сведителства. Училишниот простор наменет за раелизација на наставата во училиштето е доволен и безбеден за изведување на истата .Бројот на учениците е соодветен за настава како и на бројот на учениците во паралелката во две смени**.** Во училиштето нема осигурителни полиси за училишните објекти , само за учениците и вработените и за истото има склучено договор со осигурителна компанија. Училиштето има интерен акт за постапување во случај на елементарни непогоди и има истакнати соопштенија и предупредувања од таков вид и има изведено симулации за истото.

Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата припадност и мултикултурализмот и има подеднаков третман на учениците со различни способности. Поголем број од наставниот кадар ужива почит кај родителите, што го потврдиле во анкетите и за што се изјасниле најголем број на анкетираните ученици и родители. Училиштето има Куќен ред и Кодекс на однесување.. Во училиштето има знаци за забрана на пушење и забраната се почитува. Наставниците и стручната служба се грижат за сите категории на ученици и даваат поддршка. Училиштето преку стручниот соработник - педагогот и одделенските раководители им даваат информации на учениците за нивната професионална ориентација односно нивното понатамошно образование. Хигиената во училиштето е на задоволително ниво. Тоалетите се реновирани и релативно чисти. Санитарните простории, ходниците, скалите и училниците се чистат после завршување на наставата. Училишниот двор е чист, уреден и има корпи за отпадоци. Се врши дезинфекција, дератизација и дезинсекција и училиштето постапува по препораките и насоките на санитерната инспекција. Училишниот двор се чисти и хортикултурно добро уреден. Класните раководители и наставниците водат евиденција за постигањата, редовноста и поведението за секој ученик посебно и за

пралелката како целина.Постои добра соработка помеѓу одделенските раководители, педагогот, и директорот на училиштето . Училишната клима и односите во училиштето е добра.

На наставнички ,одделенски совет, стручни активи, родителски средби и патрониот празник се промовират личните постигања на ученици (доделување на пофалби за освоени награди, дипломи, признанија) Училиштето нема изготвено Правилник за ученик на генерација со критериуми за избор. Училиштето на крајот од учебната година, на Наставнички совет, на предлог од страна на класните раководители, прогласува и наградува ученик на генерација од деветто одделение, кој во текот на школувањето се истакнал со учество на натпревари и има освоено награди на регионално и државно ниво. се наградува со книга и пофалница од училиштето. Училиштето го промовира мултикултурализмот. Училишниот простор ги исполнува условите за изведување на воспитно образовната дејност согласно предвидените нормативи за основно образование. Училишниот објект е од тврд материјал и истиот е во добра состојба. Има инсталирана громобранска заштитна инсталација. Училиштето не располага со задоволителен број на наставни средства и помагала , како и соодветна стручна литература и лектирни изданија. Училиштето има библиотека и библиотекар за потребата на наставата, но и постојано постои потреба од нивно осовременување со соодветна нова стручна литература и нови нагледни средства согласно нормативот за наставни средства по предмети.

Училишни материјали како и спортски реквизити со кои располага училиштето , задоволуваат. Според стручната подготовка Наставниот кадар, со исклучок на еден наставник кој е несоодветен останатите се соодветни по своите предмети. Училишниот одбор е избран и работи согласно на Законот за основното образование и Статутут на училиштето и истиот има деловник за работа. За раководниот орган е именуван ВД директор на училиштето на 08-2022/1 од 14.12.2023 кој, ги исполнува условите за директор на училиштето, има програма за работа и истата доследно ја реализира. При донесување на одговорни одлуки истиот е доволно одлучен.Вд. директорот своето работење повеќе го заснива врз тимска работа. За сторените трошоци при работењето и буџетот во целина постојано е информиран Основачот и Училишниот одбор на училиштето.

Во училиштето има регистрирано спортски клуб .

Од целокупната евиденција и документација која беше приложена и разгледана за време на надзорот, разговорите водени со фокус групите, од посетените наставници, извршената анализа на обработените прашалници и се она што се виде во училиштето, тимот од државни просветни инспектори констатира дека работата во ООУ„Мемет Дерала“ с. Градец е оценета со оцеката **(2,47 ) Делумно задоволува[1]..**

Во Училиштето е изготвена Самоевалуација бр03-321 од 22.08.2023 година
Програма за развој на училиштето донесена на 02-111 од 04.03.2022 година
Годишна програма, број : 0102-298 од 15.08.2023 година.
Одлука од Совет на општина, број: нема
Годишен извештај за работата на училиштето за претходната учебна година број : 03-284/1 од 06.07.2023 год
Инклузивен тим на училиштето, Решение број: 03-462 од 08.11.2022 год

[1] Според класификацијата од Индикаторите за квалитет на основните и средните училишта, постојат четири квалитативни нивоа:

1. Не задоволува,
2. Делумно задоволува,
3. Добро и
4. Многу добро.

1 (еден) ученици со посебни образовни потреби инклузирани во редовната настава
Тим за меѓуетничка интеграција: Решение број: од 01.09.2023 год .
Партнер училиште : ООУ,, Петар Мусев “ Богданци
Училишен спортски клуб, Решение број: 03-527/1 од 09.10.2018 година
Училиштен парламент- на 21.11.2023 год со Решение бр 03-474/2

# Карактеристики на училиштето

Основното општинско училиште „Мехмет Дерала“ се наоѓа во центарот на с.Градец општина Врапчиште . Во средината на Полошка котлина помеѓу Гостивар и Тетово во подножјето на Шар Планина.. Воспитно образовниот процес во училиштето се одвива од прво до деветто одделение со вкупно 359 ученици кои се распоредени во 27 паралелки, од кои 15 паралелки во одделенска настава 12 паралелки со предметна настава сите со настава на албански јазик. Во училиштето наставата ја следат 359 ученици распоредени во 27 паралелки.

Наставата ја реализираат 42 наставници од кои 2 со вишо образование 37 со високо образование и 2 со мастер студии 1 со средно образование . Во училиштето има 1 наставник ментор . Во училиштето 9 наставника се во работен однос на определено време, додека 33 наставника се на неопределено работно време, 13 наставници се со стаж до 10 години, 18 наставници се со работен стаж од 11 до 20 години, 7 наставници се со работен стаж од 21 години до 30 год.и 4 наставници се над 31 година. Во училиштето доминираат вработените наставници од женскиот пол 28 наставник од внупно 42. Во училиштето има вкупно 14 училници и во секоја од нив е поставен по еден прожектор( во две училници не функционираат ) и смарт табла истите се целосно во функција, 1 кабинет , 1 лабораторија , фискултурна сала , 1 библиотека и 5 други простории( канцеларии на секретар, педагог, пом.директор, канцеларија на директорот и просторија на технички персонал. Училишната библиотека во која се води библиотечна евиденција е опремена со книги и лектирни изданија и истата е во фаза на доопремување. Училишниот објект е во добра состојба и на истиот е монтиран громобранска инсталација. , и спортска сала . Спортски терени во склоп на училишниот објект недостасува.

Од санитарни простории има доволно тоалети за учениците и за персоналот и истите се во релативно добра состојба. Училничкиот мебел го има во доволен број според просторните услови. Училишниот објект е ограден, со уредено дворно место ,спортскиот терен недостасува со причини што тука е изградбата на спортската сала која е на голем дел од претходниот спортски терен. Влезот и излезот на учениците од училишниот објект е недоволно обезбеден од причина што граничи со главна улица и нема никакви сообраќајни знаци и сигнализации кон влез и излез на училишниот двор. Работата во училиштето се одвива во две смени. Училиштето има распоред за максимално користење на расположивите капацитети. Училиштето располага со наставни средства и помагала за природните група на предмети како и реквизити за часот по ФЗО, меѓутоа потребата за набавка на нови средства и помагала сепак е голема, особено за следење на современи наставни текови. Во училиштето од стручна служба има, педагог , и библиотекар. Училишниот одбор е конституиран на 16.12.2019 година. Училиштето е основано со решение бр.

08-1171/1 од 16.11.1090 г. Училиштето има решение за верификација за воспитно образовна дејност за основно образование со акт број 10-1465/3 од 23.06.1996 од страна на МОН. Училиштето има Статут и за истиот има добиено согласност од Министерството за образование и наука од бр. УПЛ бр 20-650 од 12.03.2015 година. Училиштето е запишано во Централен регистар на Република Македонија бр.07-570/2 од 20.06.2006 година. Училиштето има донесено Годишна програма за работа за учебната 2023/2024 год на седница на УО бр.0102-298 од 15.08.2023 година. Училиштето има извршено Самоевалуација со бр: 03-321 од 22.08.2023 година. Има Програма за Развој на училиштето која е донесен на бр: 02-111 од 04.03.2022 година. Училиштето има изготвено годишен извештај за учебната од 2022/23 година со 03-284/1 од 06.07.2023 год.Полугодишен извештај за работа за учебната 2022/2023 година бр.03-46 од 26.01.2023 година

# 1. НАСТАВНИ ПЛАНОВИ И ПРОГРАМИ

## 1.1 Реализацијата на наставните планови и програми

Во ООУ „Мехмет Дерала“ с. Градец ,општина Врапчиште, се применуваат наставните планови и програми изготвени од Биро за развој на образование и донесени од Министерство за образование и наука. Реализацијата на Наставните планови и програми е во пропишаниот обем. Содржините во поголем дел од наставните програми, овозможуваат реализација на цели од меѓуетничка интеграција во образованието и граѓанска вклученост. Во училиштето по наставните предмети Математика, Природни науки, Хемија, Биологија и Физика се реализира настава по Кембриџ програма, адаптирана од Биро за развој на образованието во VII, VIII и IX одделение, а од I-во до VI-то одделение реализираат настава по новата Концепција за основно образование. Реализацијата на наставните планови и програми обезбедуваат постигање на целите од националните стандарди и Концепцијата за основно образование. Истите се реализирани во пропишаниот обем. Наставниците своите глобални, тематски планирања и оперативниот план за час за соодветните предмети ги изготвуваат врз основа на Наставните планови и програми. Раководниот тим на училиштето во својата архива има наставни планови и програми за одделенска и за предметна настава а дел од наведените планирања се наоѓаат кај наставниците. Училиштето ги информира членовите на Советот на родители за целите на наставните планови и програми што се реализираат, вклучувајќи ги и програмите што се однесуваат на меѓуетничка интеграција во образованието. Родителите за целите на наставните планови и програми се информираат најчесто преку родителски средби по одделенијата, преку Советот на родители, Училишниот одбор, брошури кои се подготвуваат од училиштето и преку евиденцијата во електронските дневници. Наставниците го информираат родитело на детето со посебни образовани потреби за ИОП. Училиштето нема веб страна, но користи повеќе медиуми како социјални мрежи и брошури. Во училиштето има 1 ( еден ) ученик со посебни образовни потреби инклузирани во редовната настава, со медицинска документација од надлежна институција. Директорот на училиштето формирал Училишен инклузивен тим со решение број 03-462 од 08.11.2022 година кој е составен од 7 члена и истиот е формиран согласно законските прописи во состав: директор, педагог, двајца одделенски наставници, предметен наставник и двајца родители. За инклузираните ученици се изработуваат ИОП и модифицирана програма според Концепцијата за инклузија и решенијата од МКФ, а во зависност од нивото на развој на учениците. За ученикот со посебни образовни потреби кои се инклузиран во редовната настава нема обезбедено образовен асистент.. Во согласност со инклузивниот тим на ученикот со посебни образовни потреби се изготвува индивидуален образовен план, но недостасува образовен асистент кои би учествувaал во реализација на дел од активностите, особено

при изготвување на домашните работи. Во училиштето се реализираат и изборни предмети, и при изборот на наставни предмети се почитуваат потребите и барањата на учениците. Во училиштето има воспоставено јасна процедура за избор на изборни наставни предмети. Училиштето нуди можност преку прашалници каде се понудени неколку изборни предмети, учениците да изберат предмет кој сакаат да го изучуваат, од I-III одделение слободните изборни предмети се во форма на слободни активности кои ги води наставникот во договор со учениците а од четврто до шесто одделение тие се избираат во согласност со Водич за слободни изборни предмети во основно образование а за учениците од VII,VIII и IX одд има воспоставено процедура за избор на изборни наставни предмети а училиштето ја почитува процедурата и изборот од страна на учениците и родителите. Во годишната програма на училиштето, но и во планирањата на наставниците интегрирани се и крактеристики на локалната средина и застапени се содржини од граѓански интерес односно одбележување на значајни датуми од историјата, прослави на значајни празници, личности или места на општината, како и организирање на акции од различен карактер а во согласност со Концепцијата за основно образование.

### 1.2 Квалитет на наставните планови и програми

Наставниците ги изработуваат годишните и тематските планирања, во согласност со наставните програми, насоките за планирање и организација на наставата и Годишната програма за работа на училиштето. Училиштето прибира и разгледува мислења за наставните планови и програми и учебните помагала на иницијативи на наставниците и родителите на состаноците на Наставнички совет и Совет на родители. Стручните активи од сродните предмети соработуваат и работаат по изготвени програми, особено активите од одделенска настава како и наставниците од VIте одделенија кои планираат и реализираат настава по новата Концепција за основно образование. Соработката е интензивна при изготвување на глобалните и тематските планирања, односно при изработка на Планирањата за реализација на наставната програма, неделните планирања и сценаријата за наставните часови. Во училиштето има 9 (девет ) стручни активи и тоа: Стручен актив на наставници од одделенска настава ( за секоја генерација по еден) , Стручен актив на јазични предмети, Стручен актив на природни и математички науки, Стручен актив на општествени предмети и Стручен актив на вештини. Во рамки на Годишната програма за работа на училиштето, како и во рамки на годишните и тематските планирања на наставниците постојат незначителен број на примери на планирани активности кои имаат за цел негување на мултикутурализмот и унапредување на интеркултурализмот. Кај мал број на наставни предмети интегрирани се содржини за негување на мултикултурализмот и почитување на различностите. Училиштето прави напори за реализација и подобрување на квалитетот на наставата. За таа цел наставниците следат обуки за стручно усовршување. Наставниците изработуваат личен професионален план, а врз основа на личните професионални планови се изработува глобален професионален план кој е во рамки на Годишната програма за работа на училиштето. Реализираните обуки од наставниците, не целосно се евидентираат во педагошки картони на наставниците. Училиштето на состаноците на формалните органи, повремено дискутира за применуваните наставни планови и програми . Во училиштето е дискутирано за потребата од измена и дополнување на наставниот план и програмите, но нема покренато писмена иницијатива за нивно изменување, дополнување или иновирање.

### 1.3 Воннаставни активности

Училиштето планира и реализира разновидни вонаставни активности што произлегуваат од потребите и интересите на учениците и служат за поддршка на нивниот личен и социјален развој, без оглед на нивниот пол, етничка припрадност и социјално потекло, и имаат за цел развој на граѓанските и општествените компетенции за доживотно учење, Вонаставните активности се планирани во Годишната програма на училиштето, а опфаќаат: општествено-корисна работа, слободни ученички активности, заштита и унапредување на здравјето на учениците и културата на живеење и следење и унапредување на воспитно - образовната работа и ескурзиите. Учениците, во вонаставните активности се вклучени според сопствен избор. Во вонаставните активности, особено во секциите опфатени се ученици според нивните индивидуални способности, наклонетост и предиспозиции кој ги детектираат наставниците. Во училиштето се формирани 14 (четиринаесет) секции во вишите одделенија: Литературна, рецитаторска и драмска секција, Млади уметници, Млади музичари, Млади математичари ,млади физичари, Млади хемичари , Еколошка секција, Млади Историчари,Млади Географичари, Клуб за англиски јазик, млади биолози и Спортска секција кои се организираат и реализираат по иницијатива на наставниците а според инстересот на учениците како и во нижите одделениа согласно упатството за вонаставни активности . Во однос на тоа, при планирањето на содржините за вонаставните активности одлучувачки се препораките на наставниците. Вонаставните активности се реализираат преку секциите, организирани излети и екскурзии, приредби и слични активности. Училиштето имаа склучено меморандум за партнер училиште за реализација на активности од меѓуетничка интеграција со ООУ,, Петар Мусев “ Богданци и повремено реализираа заеднички активности. ООУ „Мехмет Дерала“ с.Градец општина Врапчиште има регистрирано Училишен спортски клуб со решение бр03-527/1 од 09.10.2018 год и програма за работа 03-450 од 12.12. 2023 год. Учениците со помош и поддршка од училиштето и од наставниците, учествуваат на различни манифестации и натпревари од различни области, што се организираат на училишно, општинско, регионално и државно ниво, каде постигнуваат резултати. Во учебната 2020/2021 година 3 (три) ученици учествувале на натпревар по англиски јазик и истите освоиле 2(две) прва и 1 (едно) втора награда на општински натпревар , 2 ( две) втори награди на регионален и благодарница за учество на државен натпревар .Во учебната 2021/2022 година 3 (три) ученици учествувале на натпревар по математика и физика во организација на Јахја Кемалод кој 1 (еден) ученик освоил трета награда .Во учебната 2022/2023 година, на опшински натпревар од вкупно 24 пријавени ученика од училиштето 1 ученик освоил прва награда и прв рангиран на табела на натпреварот ,,Кенгур“-математика со размислување на општинскиот натпревар по математика, на регионален одвоени 14 награди за ученици од III, IV и VII одд . Додека на државниот натпревар ,,Кенгур “ освоено прва награда за ученици од IVодделение .На општински натпревар по одбојка II место ( женска конкуренција). Училиштето планира и реализира ученички излети и екскурзии како една од формите на вонаставна активност кои најчесто имаат забавен, спортски и рекреативен карактер. За планираните излети и екскурзии училиштето изготвува програма за реализација за која добива согласност од родителите, БРО и секторот за образование во општината. За развивање и унапредување на сите форми на спортски активности, училиштето има регистриран училишен спортски клуб .

## 2. ПОСТИГАЊА НА УЧЕНИЦИТЕ

### 2.1. Постигања на учениците

Училиштето располага со податоци и анализи за постигањата на учениците по сите наставни предмети, за сите класификациони периоди по пол, етничка припадност и паралелки. Училиштето има изготвено полугодишен и годишен извештај во кој има показатели за постигнувањата на учениците. Средниот успех на учениците во учебната 2020/2021 година изнесува 4,2 во учебната 2021/2022 година изнесува 3.98 а во 2022/2023 година изнесува 4,16 од што се забележува дека во претходните три учебни години на успехот на учениците се зголемува односно се забелжуава пораст во постигањата на учениците. Училиштето промовира уверување дека постигањата на учениците може да се подобрат, и повремено презема конкретни активности во таа насока.

Во претходните три учебни години односно учебната 2020/2021 сите се со примерно поведение , 2021/2022 од вкупно 396 со примерно се 382 , со добро поведени се 10 ученика и 4 незадоволително , во 2022/2023 година сите 376 се со примерно поведение.

Дел од наставниците им даваат подршка на учениците што имаат тешкотии во учењето, на надарените ученици и на учениците со пречки во развојот, избирајќи активности соодветни на нивните можности и потреби. Само мал дел наставници планираат и реализираат дифренцирани цели. Во текот на учебната година, училиштето реализира дополнителна настава за ученици кои имаат потешкотии , тешкотии во учењето, но не во пропишаниот обем и според потребите на учениците. Понекогаш во училиштето се реализира и додатна настава за ученици кои покажуваат интерес и постигаат значителни резултати во одделни области, а најчесто пред одржување на натпревари. Во училиштето има 1 ученици со посебни образовни потреби инклузиран во редовната настава но нема образовен асистент и 9 ученици со потешкотии во учењето. Ученикот со посебни образовани потреби е со мислење и категоризација од соодветна институција и истиот се оценуваат согласно изготвените индивидуални образовни планови. Училиштето ги следи постигањата на учениците при премин од еден во друг циклус, и повремено се прават анализи на истите. Училиштето поседува информација за тоа каде го продолжуваат своето образование учениците кои завршиле основно образование.

### 2.2. Задржување/осипување на учениците

Училиштето обезбедува услови за запишување на децата од реонот, вклучувајќи и услови за запишување на деца со посебни образовни потреби. Училиштето има изградена политика за запишување на сите деца од својот реон и презема конкретни активности за да опфати поголем број на ученици согласно нивниот капацитет. Во учебната 2020/2021 година, вкупниот број на запишани ученици изнесува 412 ученици распоредени во 27 паралелки, во учебната 2021/2022 година вкупниот број на запишани ученици изнесува 396 ученици распоредени во 27 паралелки и во учебната и во 2022/2023 година број на запишани 376 распоредени во 27 паралелки . Според анализите, бројот на запишани ученици од година во година незначително се намалува .Причини за иселување се преселба на родителите во западно европските земји . Училиштето бара и добива согласност од основачот за формирање на паралелки со помал број на ученици од законски предвидениот минимум. Училиштето систематски ја следи редовноста на учениците, ги анализира причините за отсуство од наставата и презема конкретни активности. Од анализите во училиштето во однос на изостаноците на учениците во последните три учебни години се забележува тенденција на зголемување на изостаноците ( оправдани и неопревдани). Бројот на изостанувања од настава на

учениците во учебната 2020/2021 година е 10320 ( 4563 оправдани и 5757 неоправдани изостаноци) и во просек по ученик изнесува 25 %, во учебната 2021/2022 година е 12368 (7976 оправдани и 4392 неоправдани изостаноци) и во просек по ученик изнесува 31 %, а за учебната 2022/2023 година вкупниот број на изостаноци е 12438 (7591 оправдани и 487 неоправдани изостаноци) и во просек по учени изнесува 33%. Според анализите, просечниот број на изостаноци од година во година се зголемува.

Училиштето има изготвено план за советување на родителите. Училиштето реализира советувањата на родителите и води уредна документација. Советувањето на родителите го врши педагогот во училиштето, најчесто во групи составени од родители на ученици со исти или слични тешкотии, но биле реализирани и индивидуални советувања. Најчести причини за советување на родителите се: нередовна посета на наставата, намален успех. Во учебната 2020/2021 година реализирани се 6 советувања на родители, додека пак во учебната 2021/2022 година се реализирани вкупно 5 советувања на родители. додека пак во учебната 2022/2023 година се реализирани вкупно 6 советувања на родители. Училиштето ја почитува постапката за премин на ученици од едно училиште во друго. Информациите од другото училиште од страна на педагогот и одделенскиот раководител се земаат во предвид при понатамошната воспитно – образовна работа со ученикот. Училиштето го следи намалувањето на бројот (осипувањето) на ученици, ги анализира причините. Во последните три учебни години вкупно 71 ученици се испишале од ова училиште односно во учебната 2020/2021 се испишале 40 ученици, во учебната 2021/2022 се испишале 28 ученици и во учебната 2022/2023 се испишале 3 ученици. Причините за испишување се промена на местото на живеење ( село/град или иселување во западно европските земји) .

### 2.3. Повторување на учениците

Од увидот направен во документацијата, главните книги и записниците од советите на паралелките, констатирано е дека во последните три учебни години, сите ученици ја завршуваат годината. Училиштето ги запознава учениците за правото за поднесување на приговор, доколку има незадоволсво од постигнатиот успех на крајот на наставната година.

## 3. УЧЕЊЕ И НАСТАВА

### 3.1. Планирање на наставниците

Во ООУ„Мемет Дерала“, с.Градец, општина Врапчиште наставата се изведува на албански наставен јазик.

Планирањата на наставниците во ова училиште делумно задоволуват. Училиштето нема изготвена интерна процедура за вреднување на наставните планови, наставните часови и работата на наставниот кадар. Пред почетокот на учебната година, а најдоцна до пети септември секој наставник во печатена форма ги доставуваат изготвените годишни и тематски планирања кај стручната служба. Сите наставници имаат изготвени годишни и тематски планирања и дневни подготовки за час. Поголемиот број од наставниците планирањата ги изготвуваат најчесто на стручни активи, но има и мал број

на наставници кои ги изработуваат индувидуално годишните и тематските планирања. Најголемиот број од наставници кои се задолжени да реализираат вонnаставни активности во училиштето имаат изготвено програма за истите.Директорот и стручниот соработник даваат поддршка на наставницииите при планирањата. Планирањата на поголемиот дел од наставниците ги содржат сите неопходни елементи за успешна организација и реализација на часот, цели на часот, активности, форми, методи, наставни средства, проверка на постигањата, констатација и евалуација на реализираниот час. Целите на наставата, очекуваните исходи од учењето и начинот на оценување се јасно утврдени во планирањето, а поголемиот број од наставниот кадар ги користат информациите од оценувањето за да ги идентификува потребите на учениците и да ги планира следните чекори во учењето.

При планирањето наставниците ја имаат неопходната подршка од училишниот педагог во однос на организацијата и реализацијата на наставниот час. Директорот и стручниот соработник-педагог на училиштето им овозможува на наставниците техничка и организациона поддршка во изработката на планирањата, како и посета на семинари организирани од Бирото за развој на образованието, Министерството за образование и наука или од УСАИД. Дел од наставниците своите планирања ги прават во електронска и печатена форма.За нововработените наставници има назначени наставници-ментори кои имааат изготвени програми за работа но не се водат досиеа за нивно следење.

Распоредот на часови го изготвуваа наставникот по информатика со максимално искористување на расположливите капацитети на училиштето. Наставата се изведува во две смени и тоа: Првата смена почнува од 7.30 часот до 12 часот и 30 минути-предметна настава. Втората смена почнува од 13 часот до 18.00 часот-оделенска настава. Времето од 12 часот и 30 минути до 13 часот се изведуваат додатната и дополнителната настава. Постојаните ресурси и нагледни средства во училиштето наставниците малку ги користат во наставата. Наставниците редовно ги споделуваат со учениците целите за реализација на еколошките проекти и избраните точки на акции од воспоставените еко-стандарди, како и целокупната важност од спроведувањето на еколошката програма. Сите ученици се поттикнуваат активно да учествуваат во реализација на еколошката програма и се користат позитивни приоди за нивна мотивација (преку пофалби кога е тоа соодветно).

### 3.2. Наставен процес

Дел од наставата во училиштето се реализира во класични училници, освен по предметот информатика се изведува кабинетска настава. Поголем дел од наставниците во своите оперативни планови за час имаат предвидено користење на разновидни форми, методи но не и современи техники на учење. Најголем дел од наставниците користат традиционални методи и форми за работа. Од извршените посети на часовите и увидот во оперативните планови за час на наставниците се забележува дека изборот на задачите и активностите не секогаш се со различно ниво на сложеност и не се приспособени на индивидуалните образовни потреби на учениците. Дел од наставниците од одделенска настава користат Смарт Табли, кои за моментот во училиштето активирани се 14 смарт табли и по 14 ЛЦД пројектори. За други ученици се обезбедени печатени учебници. Во прво оделение, училиштето има обезбедено учебници со реформирани содржини кои се планирани за употреба за учебната 2023/2024 година. Училиштето делумно располага со определен број на наставни средства и помагала односно делумно ги задоволува потребите во училиштето, но не сите наставници ги користат за реализација на наставата. Во училиштето се користат одобрени учебници и

дополнителна прирачна литература. Во својот однос и комуникацијата со учениците поголем дел од наставниците промовираат заемно почитување, помош, соработка и разбирање. Наставниот кадар, стручната служба и вд.директорот на училиштето не прават разлика меѓу учениците според нивниот пол и социјалното потекло.Училиштето има интерна процедура за следење на наставниот процес, а секој наставник се посетува на час од страна на вд. директорот или стручната служба-педагогот најмалку еднаш во годината. Во времето на Интергралната евалуација голем дел од наставници беа посетени на наставните часови. При посетата поголемиот дел од нив користат разни форми на работа и малку користат дел од нови техники во наставниот процес.Наставниците работат со цела паралелка. Методите и формите кои ги користат кај дел од наставниците се соодветно избрани. Наставниот процес се следи и преку резултатите за успехот и редовноста на учениците што се разгледува на совети на паралелка на крај на секој класификационен период. Стручната служба изготвуваа табели и известувања кои редовно се презентираат на наставнички совет, податоците потоа се користат за подобрување на наставниот процес. Дисциплината кај поголемиот дел на учениците е на задоволително ниво, иако што кај одредени наставници дисциплината би била подобра ако повеќе би биле ангажирани сите ученици во активностите, сметаат дел од учениците. Интеракцијата во наставата делумно задоволува. Во предметна и одеденската настава, помалку се применува работата во групи, со што изостанува интеракцијата помеѓу самите ученици. Одреден дел учениците се поттикнуваат активно да учествуваат во наставата и нивниот придонес се цени. Во училишниот објект сите училници имаат мрежно поврзување за компјутери, што значи дека во сите училници имаа интернет. Учењето во училницата е активно, и има работна атмосфера.

Во своите тематски планирања наставниците имаат предвидено часови со примена на информатичко-комуникациска технологија..Во училишниот објект сите училници имаат мрежно поврзување за компјутери. Најголем број од наставници се обучени за употреба на ИКТ и нови образовни технологии но нивното знаење многу малку ја применуваат при реализација на наставните содржини. Во училиште вкупно има 14 смарт табли и 14 ЛЦд пројектори и интернет мрежа во целиот објект. Генерална оценка за одвивањето на наставниот процес делумно задоволува поради тоа што дел од наставните предмети многу малку се користи ИКТ во наставата. Училиштето има изготвено Програма и План на активности со поставени цели за реализација на еколошки проекти. При реализација на еколошката програма вклучени се поголем број учениците, сите наставници и лица од технички персонал. Направена е анализа на состојбите во училиштето од програма за еко-стандарди одржување на училишната зграда и здрава средна во училиштето, заштеда на електрична енергија, заштеда на вода), изработено е еко-упатство за трошење на вода и инстакнато на видно место. Сите активности се следени и се евалуираат од одредени одговорни наставници.

### 3.3. Искуство на учениците од учењето

Просториите каде што се изведува одделенската наставата, делумно се уредени со катчиња по наставни предмети. За разлика од нив во просториите каде се изведува предметна настава, во споредба со одделенската не се доволно уредени со содржини кои одговараат на наставниот предмет. Училиниците во кои учениците учат се доволни за бројот на учениците во нив. Тие се простани, осветлени. Мал дел од трудовите на учениците се изложуваат во училниците и во другите простории во училиштето. Истите веднаш по нивното поставување се уништуваат од страна на учениците. Во мал број

училници соодветно се изложени трудовите на учениците на видно место и атмосферата за работа во училниците делумно е мотивирачка и стимулирачка. Изложените трудови на учениците се соодветни за предметите. Наставните предмети кои немаат кабинети своите училишни изработки и апликации ги истакнуваат во стандардните училнииици. Според изјаснувањето на поголем дел од учениците начинот на кој се учи во училиштето е интересен и делумно придонесува учениците да стекнат знаења кои ќе ги применуват во секојдневниот живот и во понатамошното нивно образование.

За време на часот дел од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат, да завземат сопствен став, да поставуват прашања и изведуваат заклучоци за она што го учат и поголемиот дел од учениците учествуваат во активностите за време на часот. Учениците сметаат дека имаат можност да го искажуваат своето мислење, но не секогаш нивното мислење се зема во предвид. Сепак е воспоставена добра интеракција со учениците која е во насока на промовирање на учењето и градење доверба меѓу наставниците и учениците. Родителите изјавија дека освен на родителските состаноци, кога добиваат поопширни информации за напредокот на своето дете, тие секогаш имале можност да дојдат во училиштето, каде што од страна на наставнците биле добро прифатени и им биле давани потребните информации. Наставниците и управата на училиштето истакнаа дека некои од родителите нередовно доаѓаат во училиштето и не покажуваат доволен интерес за тоа што се случува во училиштето, така што наставниците немаат повратна информација, што родителите мислат за информациите за напредокот на своите деца. Од страна на училиштето некои од родителите недоволно се потикнуваат (преку работилници, посебни состаноци, предавања и слично) да доаѓаат во училиштето.

### 3.4. Задоволување на потребите на учениците

Стручната служба-педагогот со помош на предметните наставници и класните раководители ги идентификуваат образовните потреби и пречките во процесот на учење на учениците, се превземаат активности за исполнување на потребите или отстранување на пречките. Потребите на учениците се идентификуваат од страна на одделенските раководители, стручната служба, како и останатите наставници но не се преземаат доволно активности за успешно реализирање на нивните потреби. Образовните потреби се идентификуваат според постигнатите резултати по одредени предмети, активноста на часот, интерес за одредени области, дискусии на класен час. Дел од наставниците ги охрабруваат учениците самостојно да мислат да поставуваат прашања и да извлекуваат заклучоци за она што го учат. Дел од учениците сметаат дека имаат можност да го кажат своето мислење. Во оценувањето наставниците користат стандарди и критериуми за оценување континуирано го следат напредокот на учениците. но мал дел од нив го користи самооценувањето како техника за поголема мотивација на учениците да постигнуваат максимални знаења. Од анкетата спроведена меѓу учениците е добро што поголемиот број од нив се изјаснија дека активно учествууваат во вонnаставни активности и секции што ги организира училиштето. Додатната настава во училиштето недоволно се организира, односно се организира повеќе за пред одржување на натпревари. Кај помал дел на наставници се даваат и изготвуваат задачи по тежински нивоа според образовните потреби на учениците. Наставниот кадар и стручната служба делумно се информирани и делумно учествуваат во реализацијата на точките на акции со воспитните Еко –стандарти.

### 3.5. Оценувањето како дел од наставата

Училиштето ги применува позитивните законски, подзаконски прописи и од стандардите за оценување дадени во националните наставни планови по наставните предмети што се изучуваат во училиштето и што го регулираат оценувањето на учениците. За ова укажува и фактот дека досега немало поплака во усна и писмена форма во однос на оценувањето од страна на родител или ученик.Ученикот во текот на едно полугодие задолжително се оценува најмалку двапати. Најголем дел од наставниците континуирано ги оценуваат учениците.

Предметните наставници применуваат критериуми и стандарди за оценување со кои се запознаени и родителите и учениците.Поголем број од наставниците при оценувањето на напредокот на учениците користат метод на формативно оценување со примена на поразновидни техники (писмена повратна информација, чек листи, тестови на знаеања, контролни задачи и други активности. Оценките од усните одговори се засновани на усни одговори, усни презентации, учество во разговори, дискусија, дебата анализи, критички размислувања и други активности. Најголемиот број на наставници им даваат редовна повратна информација на учениците за нивната работа. Добиените информации дел од нив ги користат за подобрување на планирањето и спроведувањето на наставата.Учениците добиваат повратни информации од наставниците за својата работа, напредок и постигања. Учениците и родителите се изјаснија дека во училиштето оценувањето е објективно, транспарентно и дека наставниците не оценуваат според полова и социјален статус. Добиените информации од оценувањето на напредокот на учениците, наставниците ги користат соодветно за да го подобрат планирањето и реализацијата на наставата.

### 3.6. Известување за напредокот на учениците

Училиштето редовно ги известува родителите за напредокот на нивните деца и доследно го применува. Училиштето редовно собира информации и ги следи постигањата на учениците, се врши анализа на успехот на класен час, на советот на паралелка со предметните наставници, на наставнички совет, преку анализа на успех од стручната служба, на состаноци на активи и други субјекти на училиштето. Постои систем за известување на родителите за напредокот на нивните деца, преку организирање на формални и неформални средби, делење на евидентни листови на секое тримесечие и свидетелства на крајот од годината. Постои можност за електронско информирање и добивање на податоци за постигнувањата, редовноста и дисциплината. Во текот на годината се одржуваат најмалку четири задолжителни родителски средби, што поголемиот број на наставници ги водат уредно записниците во Е-Дневникот. На тие средби родителите се запознаваат со постигањето на учениците, се даваат и препораки за подобрување на постигањата на ученикот, пренесување на информации за паралелката во целина. Мал дел од родителите, исклучиво на послабите ученици, нередовно доаѓаат во училиштето и не покажуваат доволен интерес за тоа што се случува во училиштето, така што наставнците немаат повратна информација, што родителите мислат за напредокот на своите деца.Во училиштето за една учебна година се организираат по 4 родителски средби,по потреба и повеќе.

Накрајот на учебната година учениците од I до III одделение добиваат сумативна описна оценка, а останатите ученици од четврто до деветто одделенија добиваат свидетелства со бројчано оценување.Наставниците редовно и целосно водаат Е-дневник од почетокот на учебната 2023/2024 година.

# 4.ПОДРШКА/ПОМОШ НА УЧЕНИЦИТЕ

## 4.1 Севкупната грижа кон учениците

Просториите во училиштето се безбедни за изведување на воспитно-образовниот процес. Инфраструктурата во училиштето мебел, подови, прозори, струјните елементи, дворот и др. се безбедни и не претставуваат опасност од повреди за учениците. Училиштето нема осигурителни полиси за објектот.Учениците и вработените во училиштето се осигурани во осигурителна компаниа Виннер (WINNER) од 25.01.2023 година со број на полиса 405135000014. Во училиштето постои дежурство од страна на наставниот кадар. За постапување при елементарни непогоди училиштето има интерен акт и упатство за постапување во такви ситуации, но има план за евакуација. Училиштето има истакнато соопштенија и предупредувања на видни места за постапување во вакви ситуации. Од наставниот кадар сите наставници ја имаат поминато обуката за давање на прва помош во тек е постапката за издавање на уверенија. Во училиштето, е забранет секаков вид на психичко и физичко малтретирање на ученици или било каков вид на нетрпение. Во училиштето постои Кодекс на однесување на учениците и на останатите структури во училиштето, и истиот е истакнат на соодветни места. Класните раководители имаат изготвено план со содржини за взаемно почитување и рамноправност на половите, како и план за штетното влијание на наркотични супстанци како што се пушење, алкохолизам, наркоманија и истите се забранети за внесување и употреба во училиштето. За ова посебно е задолжен стручниот соработник педагогот но и сите вработени наставници. Во училиштето има знаци за забрана на пушење и забраната се почитува. Училиштето нема училишна кујна и нема организирана исхрана на учениците, учениците се хранат од околните објекти за исхрана, но училиштето нема увид во квалитетот на храната што им се нуди на учениците. Во училиштето има ученици од социјално загрозени семејства. Има случаеви каде се потребни дополнителни вложувања во наставните и вон наставните активности, и за нив се обезбедува финансиска подршка од месното население како и доброволни донации и од невладини организации. Училиштето има обезбедено 6 ПП апарати кои се сервисирани и истите се распределени во објектот. Училиштето има пристапна рампа за влез за лица со хендикеп. Во училиштето има громобранска инсталација.

## 4.2 Здравје

Хигиената во училишта е на задоволително ниво, санитарните јазли во училиштето се на задоволително ниво. Ходниците и санитарните простории се чистат додека прозорите, вратите и мебелот поретко. Дворот на училишниое објект се чисти. Во секоја училница, ходниците и дворот има корпи за отпадоци. На почетокот на учебната година извршена е дезинфекција, дератизација и дезинсекција на училишниот простор од ПРОНТТО компанија. Училиштето постапува по препораките и насоките на санитерната инспекција во врска со одржувањето на хигиената во училиштето и заштитата од заразни болести.Систематскиот преглед на вработените во училиштето е извршен со број на извештајот 168/23 од 30.10.2023 година од Поликлиника Гуги Блу-Гостивар.

## 4.3 Советодавна помош на учениците за понатамошно образование на учениците

Училиштето преку стручниот соработник и одделенските раководители им даваат информации на учениците за нивната професионална ориентација односно нивното понатамошно образование. Училиштето планира и организира активности од таков вид

во соработка со средните училишта од регионот. Педагогот изработува програма за работа, во која се предвидува подршка во социјалната, когнитивната и емотивната сфера. Се работи советувачки, советодавно и се организираат работилници.

### 4.4 Следење на напредокот

Класните раководители и наставниците водат уредна евиденција за постигањата, редовноста и поведението за секој ученик посебно и за пралелката како целина. Наставниот кадар води и е-дневник. Класните раководители постигнувањата на учениците ги евидентираат во е-дневникот,евидентни листови, и главните книги. Постои добра соработка помеѓу одделенските раководители, стручните соработници и директорот на училиштето. Во поголемиот број случаи интересот на родителите за постигањата учениците е на задоволително ниво. Во училиштето постојат тромесечни, полугодишни и годишни извештаи за успехот и поведението на учениците. Извештаите се достапни на увид на стручните соработници, директорот на училиштето, наставниот кадар во училиштето, родителите и учениците и истите се користат за подобрување на успехот на учениците.

## 5. УЧИЛИШНА КЛИМА

### 5.1 Училишна клима и односи во училиштето

Општинското основно училиште „Мемет Дерала“,с.Градец, општина Врапчиште, се залага за зголемување на грижата за здравјето и безбедноста на учениците, за негување на родовата еднаквост и мултикултурализмот, го поттикнува учеството на учениците, родителите и заедницата во училишниот живот. Вработените, учениците и родителите се идентификуваат со училиштето, посветени се на целите, се грижат за неговиот углед. Училиштето е со изграден углед и имиџ. Имиџот се гради преку квалитетот на

работа,постигањата на учениците во различнио области, како и освоените наградина општинско, регионално и на државно ниво. Училиштето има Кодекс на однесување во кој се поставени принципите и правилата на однесување на сите структури во училиштето. Училиштето има пропишани процедури за реагирање во случај на прекршување на принципите и правилата на однесување, пропишани со Кодексот на однесување и таквите процедури доследно се спроведуваат во пракса. Училиштето има донесено Еко - кодекс кој е истакнат на видно место, во холот на училиштето. Во него се поставени правилата на однесување, согласно содржините на еколошката програма. Учениците и наставниците се активни учесници во реализација на точките на акција од еко-стандардите. Училиштето води политика на взаемно почитување и рамноправност на сите структури што учествуваат во училишниот живот. Во училиштето делумно постои професионална соработка меѓу вработените. Наставниците се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, како и за создавање на пријатна атмосфера за работа за време на наставата и воннаставните активности. Дисциплината на вработените и учениците е добра. Правилникот за изрекување педагошки мерки, соодветно се применува. Учениците и вработените ги почитуваат демократски усвоените правила на однесување на училиштето. Постои работна атмосфера за време на наставата и воннаставните активности, а вработените постојано се грижат за однесувањето и безбедноста на учениците за време на одморите, приемот на учениците и нивното заминување од училиштето. Учениците се совесни и учтиво се однесуваат и соработуваат меѓусебно и со наставниот кадар. Вработените се позитивен пример за учениците, кои авторитетно и со внимание се справуваат со проблемите што се однесуваат на дисциплината и редовноста, поради што се подобрува квалитетот на поучувањето и учењето во наставата. Училиштето го почитува принципот на демократско учество на учениците и има демократски формирана ученичка заедница, која учествува, но не доволно,во донесувањето на одлуки за прашања што се од непосреден интерес на учениците. Ученичката заедница во реализација на својата програма, добива поддршка од училиштето. Учениците навреме и целосно се информирани од ученичката заедница за сите работи што се од нивен интерес. Училиштето се грижи за здравјето и безбедноста на учениците, ги негува родовата и етничката припадност и има еднаков третман на учениците со различни способности. Наставниот кадар ужива респект кај родителите. Вработените, учениците и родителите се идентификуваат со училиштето, посветени се на целите, се грижат за неговиот углед и се горди што се дел од него.

### 5.2 Промовирање на постигањата

Училиштето ги промовира личните постигањата на учениците, преку доделување награди и пофалници на патрониот празник и други јавни манифестации на кои земаат учество родители, донатори и други училишта. Наставниците ја согледуваат суштината на пофалувањето, како начин на мотивирање на учениците за постигнување подобри резултати во учењето. Училиштето нема изготвено Правилник за ученик на генерација со критериуми за избор. Училиштето на крајот од учебната година, на Наставнички совет, на предлог од страна на класните раководители, прогласува и наградува ученик на генерација од деветто одделение, кој во текот на школувањето се истакнал со учество на натпревари и има освоено награди на регионално и државно ниво. Училиштето води политика на поттикнување на наставниот кадар и учениците да учествуваат и постигнуваат успех на натпревари на ниво на локална заедница и пошироко. Учениците учествуваат на организирани манифестации, проекти и натпреварувања. Училиштето има воспоставен систем за континуирано информирање и промовирање на еализираните еколошки активности.

### 5.3 Еднаквост и правичност

Сите вработени во училиштето ги знаат и ги почитуваат правата на ученикот. Училиштето се грижи за остварување на целите од наставните програми што се поврзани со Конвенцијата за правата на децата.Училиштето ги поттикнува учениците да ги практикуваат своите права и ги заштитува во случај на нивно нарушување. Во училиштето, подеднакво се третираат сите ученици без разлика на полот, социјалните и интелектуалните разлики. Училиштето ги промовира еднаквоста и правичноста како темелни вредности во сите свои пишани документи и има механизми со кои обезбедува нивно почитување, во односите меѓу сите структури што учествуваат во училишниот живот. Училиштето ги вреднува и промовира родовата, етничката, верската и јазичната разновидност во заедницата. Учениците учат да ја почитуваат сопствената култура и традиција и културата и традицијата на другите етнички заедници. Училиштето планира и реализира заеднички наставни и воннаставни активности во меѓуетничка соработка на учениците и вработените со збратименото училиштето ООУ “Петар Мусев”, Богданци, општина Богданци кои имаат склучено меморандум и реализирано активности со физичко присуство и онлаин ( за време на падемијата).

### 5.4 Партнерски однос со родителите и со локалната и деловната заедница

Соработката на училиштето со родителите и локалната заедница е добра.Родителите учествуваат во работата на органите на училиштето преку Совет на родители, преку училишниот одбор Има примери на вклученост на родителите преку организирани собирни акции-донаци со цел на подобрување на инфраструктурните услови вклучување на работилници кои се во подршка на унапредување на воспитно образовниот процес. Соработката со родителите се реализира преку разговори со класните родители на најмалку две родителски средби во едно полугодие а има и примери на закажани индивидуални родителски средби. Родителите преку класните раководители, класните совети, индивидуалните средби,е-дневник, редовно се информирани за состојбата на училиштето, учениците , успехот за нивните деца .Училиштето има соработка со локалната заедница, преку нивните претставници (во Училишниот одбор има еден член од локалната заедница )кои ги пренесуват ставовите на училиштето до локална заедница и обратно. Соработка на училиштето со родителите,локалната ,деловната заедница, невладиниот сектор и медиумите со вклучување на нивни претставници како активни учесници во реализација на еколошката програма е добра.

## 6.РЕСУРСИ

### 6.1 Сместување и просторни капацитети

Дејноста на училиштето се реализира во сопствен училишен објект (стариот дел изграден 1972 год.и поновиот дел изграден 1985 год),двата објекта преставуваат една целина со бруто површина од 7283 м2,вкупно користен училишен простор од 5112 м²,училишен двор,градина , спортски терени и училишна сала. Училиштето раполага со 14 училници 3 кабинети (по информатика,хемија и биологија) административни простории,училишна библиотека. Училиштето располага со 5 персонални комјутери за администрацијата, 37 персонални лаптипи за наставниците, 115 лаптоп за учениците со едубундо програмата, принтери 8 , проектори 14, смарт табли 14,касетофони,спорски реквизити,географски и иисториски карти.

Секоја училница е обеззбедено со компјутер и принтер. Училишниот објект е добро одржан и во континуитет се реновирана. Училишната зграда и простор се пристапни за сите. Големината на училниците соодветствува на бројот на учениците во паралелките. Вкупниот простор во кој се реализира наставата ги задоволуваат условите според нормативот за простор. Училиштето има јасен план и распоред и максимално ги користи расположливите капацитети за изведување на наставата и на воннаставните активности, со што ги задоволува потребите на учениците. Училиштето последните години има реализирано многу проекти. Училишниот објект е приклучен на електрична и водоводна мрежа. Хигиената и просторните капацитети во училиштата е добра.

### 6.2 Наставни средства и материјали

Наставно нагледни средства, други училишни материјали и спортски реквизити со кои располага училиштето, не целосно задоволуваат. Училиштето има план за обезбедување на нагледни средства но,секоја година планот за набавка на наставните средства делумно останува неисполнет,поради лимитираните финансиски можности на училиштето и на основачот на училиштето. За секоја година училиштето ја планира набавката на основниот потрошен материјал. Училишната библиотека се наоѓа во посебна мала просторија истата е добро е уредена , во која е задолжен едно лице како

библиотекар, со работно време од 8 до 16 часот кое ги задоволува потребите на учениците.Училиштето има програма за работа на библиотеката.Има јасен преглед на насловите од лектири и стручна литература располага со фонд од лектири 6372 од кои 5710 со настава на албански јазик и 203 со настава на македонски јазик.Стручна литература со фонд од 372 примероци ,87 книги од различен жанр (енциклопедии, лектирни изданија, стручна литература и др.).Книгите и списанијата се на албански,македонски и англиски јазик. Во библиотеката има компјутер со пристап до интернет. За насловите на книги во библиотеката се води електронска евиденција.

### 6.3 Обезбедување на потребен наставен кадар

Наставниот процес во училиштето го реализираат 42 наставници од кои 14 мажи и 28 жени. Во раководниот тим покрај директорот има еден педагог,библиотекар и секретар-благајник Наставата ја реализираат 42 наставници од кои 2 со вишо образование 37 со високо образование и 2 со мастер студии 1 со средно образование .Во Училиштето има 1 наставник ментор . Сите наставници се со содветно образование со исклучок на 1 наставник по ФЗО. Во случаи на пократко или подолго отсуство на наставниот кадар, училиштето има механизми за брза и соодветна замена на истите. Вработените го почитуваат работното време. Остварувањето на работните должности на наставниците и другите работници се следи од страна на директорот и стручната служба. Наставен кадар со вкупен работен стаж од 0-10 години има 13 наставници,од 11 до 20 години 18 наставници, од 21 до 30 години 7 наставници над 31 година 4 наставници.По етничка припадност 41 наставници се албанци 1 наставник е македонец. Се вршаат напори од училиштето со вклучување на наставниците кои се вработени во овој колектив за стекнување на способности и знаење преку посета на семинари, обуки и сл. за работа на деца со посебни образовни потреби. Наставниците се доста активно вклучени во работата на стручни активи и делуваат како еден тим при решавање на предвидените цели. Училиштето има стручен соработник-педагог, кои им помагаат на наставниците во организација на наставата, следење на напредокот на учениците, справување со проблемите и давање на соодветна помош на учениците.

### 6.4 Следење на развојните потреби на наставниот кадар

Развојните потреби на наставниот кадар редовно ги следи стручниот соработник-педагогот на училиштето. Посетата на часови од страна на директорот и стручниот соработники, како и увид во планирањата се врши по одредено планирање и динамика. Стручната подршка на директорот и стручниот соработник што го добиваат наставниците за нивната работа, повеќе е од административен карактер. Работата на наставниците, нивните досегашни обуки и семинари, како и потреби за стручно усовршување се следи од страна на стручниот соработник.Потребно е да се идентификуваат реалните потреби на наставниците за нивниот професионален развој со определување на приоритетите за нивниот стручен развој. Потребно е повеќе од досега да се обезбедува стручна подршка во планирањата и реализацијата на работата на наставниците во тие паралелки каде има инклузија на ученици со посебни образовни потреби. Обуките на наставниците уредно се евидентираат во педагошките досиеја на наставниците и стручните соработници. Работата на наставниците-приправници се следи од страна на наставник-ментор.

### 6.5 Финансиско работење во училиштето

Постапките за финансиско работење, што ги спроведува училиштето, се во согласност со законските норми. Раководниот кадар ги знае и ги разбира механизмите што може да ги користи за стекнување дополнителни финансиски средства. Училишниот одбор редовно го следи наменското трошење на буџетот со цел да има увид во потрошените финансиски средства. Одговорните лица редовно дискутираат за информации поврзани со ресурсите и преку одлуките што ги носат обезбедуваат економичност, ефикасност и правичност во распределувањето на финансиските средства. Раководниот кадар ги консултира сите вработени, кога тоа е потребно и на соодветно ниво на деталност. Буџетските приоритети се тесно поврзани и ги отсликуваат приоритетите и образовните цели на училиштето, предвидувајќи и финансиски средства за еколошки активности, како и за реализација на активностите предвидени во програмата на училишната заедница. Буџетот се користи наменски и за креативни целишто се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата и учењето, подобрување на постигањата на учениците, како и развојот на училиштето во целина

## 7. Управување, раководење и креирање политика

### 7.1 Управување/раководење со училиштето

Училишен одбор е составен од 7 члена,сите уредно делегирани и истиот е конституиран согласно Законот за основно образование и Статутот на училиштето. Работи според деловник за работа и програма за работа.Состаноците на Училишниот одбор се одржуваат редовно,со однапред утврден дневен ред и доставени материјали за седница. Во својата работа Училишниот одбор применува начело на транспарентност, редовно ги запознава другите субјекти,вклучени во образовниот процес во училиштето и пошироката средина. Кординацијата и соработката на Училишниот одбор со раководниот орган и другите образовни структури на училиштето е добра. За дел од членовите на Училишниот одбор потребно е училиштето да обезбеди обука, со цел поефикасно работење на истиот. Работата на училиштето го организира, следи и координира вд. директорот кој, како работоводен орган има воспоставен професионален однос кон работата и поседува долгогодишно работно искуство и професионални квлитети врз основа на кои постигнува објективно да ги оцени квалитетите на вработените. Своето раководење го заснива на тимска работа во кои се вклучени и наставниците и стручниот соработник . Приоритети за вд. директорот се постигањата на учениците и подобрувањето на условите за работа. Раководниот орган на училиштето воспоставува продуктивни партнерства во непосредната и во пошироката заедница. Своето работење го заснова врз тимска работа преку вклучување на вработените во процесот на развој на политики, планирање и обезбедување квалитет. Во контиунитет го поддржува реализирањето на еколошките содржини и спроведува училишни политики во кои се афирмира инклузивноста на училиштето и меѓуетничката интеграција вообразованието.

### 7.2 Цели и креирање на училишната политика

Целите на училиштето се во согласност со целите на државната и на локалната образовна политика.Целите се јасни и се фокусирани на подобрување на квалитетот на наставата,овозможуваат професионален развој на наставниците и унапредување на постигањатана сите ученици. Вработените,родителите и учениците учествуваат во креирањетона целите, начелата и вредностите на училиштето и се запознаени со начинот на нивно остварувањеи подобрување. Училиштето ги мобилизира сите релевантни субјекти (наставниците,учениците, локалната заедница) да работат на остварување на целите. Училиштето соработува со соодветни институции за остварување на целите .Постигнатите цели имаат позитивно влијание врз работата на училиштето. Училиштето континуирано ги подобрува политиките во училиштето за меѓуетничка интеграција, намалување на насилството во училиштата, намалување на семејното насилство, недискриминација,еднаков пристап до квалитетно образование за сите, инклузивност ,еколошко образование итн. Вработените активно учествуваат во креирањето и подобрувањето на политиките ,како и за активностите за нивно остварување. При креирањето на политиките училиштето ги зема предвид и мислењата на родителите и на учениците.

## 8. Наоди и препораки

### 8.1 Силни страни

- Наставниците добиваат добра професионална подршка од стручнатата служба во однос на планирањето и реализација на наставата;
- Учениците навремено се информираат за својот напредок;
- Училиштетето изготвува извештаи за постигањата на учениците и презема мерки за подобрување на постигањата;

- Оптимално користење на просторните капацитети на училиштето од сите вработени;
- Тимска работа на Раководниот орган преку вклучување на вработените во училиштето;
- Училиштето континуирано ги подобрува политиките во училиштето за меѓуетничка интеграција, намалување на насилството во училиштата, намалување на семејното насилство, недискриминација , еднаквост за сите ;
- Добра клима за работа во училиштето ;

### 8.2 Слаби страни

- Влезот и излезот на учениците од училишниот објект е недоволно обезбеден од причина што граничи со главна улица ;
- Не е воспоставен систем на идентификување на потребите на наставниците за професионален развој;
- Недоволна опременост со наставни нагледни средства, не снабденост со потребните учебници, како и немање на доволен број на лектири и помошна литература во училишната библиотека;
- Училиштето нема обезбедено образовни асистенити за дете со инклузија кое е вклучени во редовната настава ;
- Наставниците слабо планираат диференцирани активности и техники, како и недоволна интеракција на релација ученик – ученик,
- Во настава недоволно се употребува ИКТ како и другите наставно нагледни средства и материјали со кои располага училиштето,
- Нема осигурителна полиса училишните објекти ;
- За дел од членовите на Училишниот одбор потребно е обука ;

### 8.3 Препораки

- **Училиштето да поднесе барање до надлежните органи со цел да се постави вертикална и хоризонтална сообраќајна сигнализација;**
- **Училиштето да изготви програма за идентификување на потребите на наставниците за професионален развој;**
- **Училиштето да изготви програма со цел на опременост со наставни нагледни средства, на доволен број на лектири изданија и помошна литература во училишната библиотека;**
- **Училиштето да превземе мерки и активности за обезбедување на образовен асистент за дете со инклузија кое е вклучени во редовната настава ;**
- **Директорот и стручниот соработник да превземе активности со цел наставниците при реализација на наставата да планираат и реализираат диференцирани активности и техники, како и поголема интеракција на релација ученик – ученик,**
- **Училиштето да изготви план и динамика за употреба на ИКТ како и другите наставни средства и материјали со кои располага училиштето во наставата ;**
- **Вд.директорот да побара сретства од основачот –општината за да ги осигура училишните објекти;**
- **За дел од членовите на Училишниот одбор потребно е да се обезбеди обука со цел за поефикасна работа на истиот ;**

| | |
|---|---|
| **Јелена Деспениќ-Кировска**, Раководител на инспекцискиот тим | |
| **Илбер Зенку** , Инспектор | |
| **Џелал Беџети** , Инспектор | |